Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 16.09.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р. ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул.,,Тодор Коларов", на југ по осовина на ул.,,Суитлак "до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.,, Генерал Михајло Апостолски", кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р. ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул.,,Тодор Коларов", на југ по осовина на ул.,,Суитлак "до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.,, Генерал Михајло Апостолски", нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А, Д, Е. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени во ГУП, ДУП и Измена и дополна на ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип. Предметниот урбанистички план се изработува на површина од (33 436,94 м2).Планскиот опфат на кој е вршена предметната анализа за изработка на предметниот ДУП, претставува изграден простор и содржини со основна намена по ГУП А- домување и престој, В- Јавни дејности и институции и Д- Зеленило, рекреација и меморијални простори.. Овој опфат е градежно ангажиран и изграден, но нуди можности за изградба на поголем комплекс со повеќе функции од оваа дејност. Бидејки планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели кои може да егзистираат во рамки на иста наменска зона, одредени според принципот на несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор..

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18/24-182 Штип

16.09.2024 год

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов